*ЈОВАНКА КЕПЕСКА*

# СОВРЕМЕНИОТ РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДНИТЕ СИЛИ

## 1. ИСХОДИШТЕТО НА СОВРЕМЕНИОТ НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДОК

Современата револуција на производните сили (научно-технолошката револуција) е резултат на историскиот развиток на производните сили на капиталот. Развитокот на производните сили на денешното време го антиципира Марксовата анализа на капиталот заради што, иако е настаната во XIX век, е мошне значајна за сфаќањето на суштината на трансформацијата на денешните производни сили.

Револуционерните промени на производните сили на капиталот, според Марксовата анализа, се предизвикани со механизмите на релативниот вишок на вредноста. За карактерот на производните сили на капиталот, покрај тоа, значајно е и јакнењето на основниот капитал (во маса и вредност заради што расте органскиот состав на капиталот), а што Маркс, во метафора, го нарекува „одуховено чудовиште". Заради јакнењето на основниот капитал, револуционизирањето на производните сили на капиталот (се до развиениот капитализам) не зависи од работната сила, туку од средствата за труд. Средствата за труд (Марксов поим — машинерија) ја објективизираат научната мисла и сето фактичко го обединуваат, додека „работникот егзистира како жив изолиран додаток", (К. Маркс, Темељи слободе. Напријед, Згб., стр. 282).

Живиот труд во процесот на производството ѝ служи на туѓата волја содржана во машинеријата при што фабриката како целина функционира само како комбинација на масовниот труд и вештината што егзистира во машинеријата. Расчленетите делови на капиталот, значи, предметот на трудот, средството за труд и живиот труд, претставуваат само количества на вредности кои се обезбедуваат пред производниот процес, не менувајќи ја суштината на капиталот. Меѓутоа, во самиот работен процес, елементите на капиталот почнуваат квалитативно да се разликуваат како: обртен (предмети на трудот и трудот) и основен капитал (средствата за труд). Дури ваквото расчленување го определува вкупното движење на капиталот. Основниот

---

Соопштение поднесено на тркалезната маса на третите програми на Радио Белград, Љубљана, Сараево, Скопје и Загреб „Научно-технолошката револуција и општествениот развој, Стубичке Топлице, 1985 год.

капитал е токму оној што ја зголемува вредноста на производот, оспособувајќи го трудот да ја зголемува својата производна сила, да создава, за пократко време, поголема маса производи потребни за издржувањето на работната сила. А тоа е механизмот на создавањето на релативниот вишок на вредноста.

Размената на живиот труд за опредметен, како начин на поставување на општествениот труд, според Маркса, потоа, е последниот степен на развитокот на односите на вредноста и производството што почива врз вредности. Претпоставката за таквото производство е масата на непосредното работно време или количеството на употребениот труд, како решавачки фактор во производството.

Како што производот станува носител на вредноста, а употребната вредност — услов за тоа, така, капиталот наполно се развива кога основниот капитал, во процесот на производството, настапува спрема трудот како машинерија. А машинеријата е различна во различните фази на процесот на производството на капиталот. Автоматскиот систем се оние средства за труд што капиталот ги преобразил во најсовршената форма на своето производство.

Развојот на машинеријата (што работи на различни принципи) ја зголемува производната сила на трудот и максимално го негира потребниот труд. Со развитокот на крупната индустрија, значи, создавањето на богатството станува зависно, помалку од работното време (од количество на жив труд), а повеќе од моќта на агенсите што во текот на работното време се ставаат во движење и чија сила „не стои во никаков однос спрема непосредното работно време што е потребно за нивното производство, туку, спротивно, зависи од општата состојба на науката и напредокот на технологијата или примената на науката во производството", (истото, стр. 292), што се искажува во степенот на вклученоста на човекот во процесот на производството. Имено, „тој стапува покрај процесот, наместо да биде негов главен агенс", (истото, стр. 293). Со автоматизацијата човекот се преместува во надзорната и регулативната област на производството. Таквото преобразување на производството се пројавува уште, за човекот, како „присвојување на неговата општа производна сила, неговото познавање на природата и овладувањето со неа преку неговото постоење како општествен организам — развитокот на општествениот индивидуум. Кражбата на туѓото работно време... изгледа како бедна основа за создавањето на богатството...", (истото, стр. 293).

„Штом трудот во непосредна форма престанал да биде голем извор на богатство, работното време престанува и мора да престане да биде негова мерка, а поради тоа и разменската вредност — мерка на употребната вредност", (истото, стр. 293).

Да резимираме: капиталот е противречен општествен однос. Производните сили и односите во производството, како различни страни на конкретниот општествен индивидуум, му се само средство да произведува од ограничена основа; во исто време, тие стануваат и услови за надминување на таквата ограничена основа.

Ако развојот на производните сили е потребен за да се зголеми размерот меѓу вишокот на трудот и потребниот труд, или, да се смали оној дел од потребниот труд што го бара некое количество од ви-

шокот на трудот, (и определено од вишокот на трудот) создавањето големо количество слободно време за општеството и поединци, како и во сите претходни фази на општествен развој, се покажува како слободен развој за некого. Заради тоа, капиталот има тенденција, од една страна, да создава слободно време, а, од друга, да го претвора во вишок на труд. Тоа значи дека со него се создаваат претпоставки за смалување на минимумот на работното време на целото општество и ослободување на време за развиток на сите! Колку повеќе се развива таа противречност, толку повеќе се покажува дека порастот на производните сили не може повеќе да се поврзе со присвојувањето на туѓиот вишок на труд и дека самата работна маса мора да го присвои својот вишок на труд.

Капиталот постојано го зголемува степенот на поопштествувањето на производството. Работниците ги групира во сè поголеми претпријатија и постојано го подигнува рамништето на координација и интеграција на одвоените процеси на производството. Ова го карактеризира целиот тек на капиталистичкото развивање на производните сили, при што, сè повеќе доаѓа до израз работниковото располагање со целиот производ. Ваквата анализа на капиталистичкиот начин на производство покажува дека отворањето на патот кон човечкото дејствување како самоцел лежи во нужните материјални услови, создадените можности за самодејност. Човекот, својата сопствена слобода, мора да ја здобива со сопствен чин; секоја од неговите дејности содржи и момент повеќе слобода. Заради тоа, според Маркса, целото движење на историјата е акт на раѓањето на комунизмот во емпириска смисла. А, почетокот на вистинската историја, како царство на слободата, може да процвета само врз основа на царството на нужноста, како негова основа. Во сферата на нужноста, од друга страна, слободата е можна, ако се постигне најголема можна рационализација на човековиот промет на материјата со природата, што треба да се врши и на најдостоен начин за човекот, и во асоцијацијата на слободните производители. Токму ваквата поврзаност на царството на слободата со неговата општествена материјална основа, со економското царство на нужноста, всушност, покажува дека слободата на човечкиот род е резултат на неговото сопствено дејствување.

Царството на слободата Маркс го определува уште и како развиток на човечките сили, како самоцел, а, што е резултат на наполното овладување со трудот (или со смалување на нужната сфера на минимум). Тоа е причината во развиениот капитализам порастот на производните сили да не може повеќе да се врзува за присвојувањето на туѓиот вишок на труд; слободното време да ја изгуби антагонистичката егзистенција, а потребното работно време да добие своја мерка во потребите на општествениот индивидуум (зашто „вистинското богатство е развиената производна сила на сите индивидуи“, (истото, стр. 297).

Така, мерката на богатството, наместо работното време, ќе стане слободното време, а белези на производниот процес стануваат, од една страна, средствата за труд како автоматски систем, а, од друга страна, трудот на поединецот „во непосредното постоење што е сега поставен како укинат поединечен труд, т.е. како општествен труд“,

(Истото, стр. 298). Вистинската економија се јавува како заштеда, што е идентична со развитокот на производната сила на трудот (заштеда на работното време на минимум и редукција на трошоците на производството на минимум). Оттаму, не откажување од уживање туку развивање на способноста за производство заради развивање на способностите и средствата за уживање.

Маркс вели: „Заштедата на работното време е еднаква со зголемувањето на слободното време, т.е. времето за полн развиток на индивидуумот, развиток кој, од своја страна, дејствува повратно на производната сила на трудот, како најголема производна сила на трудот.

Од становиштето на непосредниот процес на производството, тој развиток може да се земе како производство на capital fix-e, capital being man himselg) (основен капитал) при што тој основен капитал е самиот човек. (Истото, стр. 301)

Оттаму, системот на граѓанската економија доведува до самонегација „што е нејзин последен резултат", (Истото, стр. 302)

Разгледувањето на начинот на производството вон определена општествена форма може да не упати на заклучокот дека средството за производство или поточно, средството за труд, претставува оној елемент на посредување и во односите меѓу човек и човек, значи општествените односи (сопственоста). Она што се случува во капиталистичкиот начин на производство е, всушност, развојот на средството на трудот во автоматски процес што функционира укинувајќи го поединечниот труд и воспоставувајќи општествен труд. А тоа е материјалната основа на социјализмот што се создава во крилото на капитализмот и што претставува основа за надминување на капитализмот.[1]

Научно-технолошката револуција, со својата историска суштина и општествените цели, е појава на современиот капитализам, Оттаму, таа ги прикрива ,како што, во исто време, и ги открива квалитативните пресврти на производните сили на капиталот. Во капитализмот, меѓутоа, иако му нараснала материјалната основа на социјализмот, урнувајќи ги рамките на старото општество, „општествените односи оделе спротивно од тоа". (М. Поповиќ: Разматрања о питањима савременог друштва, Култура, Бгд. 1964, стр. 21).

Државно-капиталистичкиот однос може да биде само последен напор — капитализмот да се одржи во услови на ваквиот развој на производните сили, како што наедно значи и прв чекор во соција-

---

[1] Во „Нацртот за критиката на политичката економија" Маркс многу сликовито ја опишува дијалектиката на општествениот развиток на производните сили: „Се разбира дека развитокот не се случувал на старата основа, туку и врз развитокот на самата таа основа. Највисокиот развој на таа основа пак го претвора во процут, но,сепак, сè уште е тоа истата основа, тоа растение како цвет, оттаму ќе овене, по цветањето и како последица на цветањето е точката, во која таа самата е разработена во форма, во која е врзлива со највисокиот развој на производните сили. Значи, исто така, со најбогатиот развиток на индивидуата. Штом таа точка е постигната, натамошниот развиток се јавува од нова основа". (Истото, стр.)

лизам. Поопштествувањето на средствата за производство, како подржавување, е сè уште далеку од вистинското поопштествување на средството за производство, што може да се оствари само со општествена револуција.

## 2. КАРАКТЕРОТ НА СОВРЕМЕНИТЕ ПРОИЗВОДНИ СИЛИ

Кога се зборува за современите производни сили со мисли на силниот размав што тие го доживуваат во текот на Првата светска војна и потоа, со сè пошироката и попотполната примена на научните методи и откритија во средството за труд (техниката), но и во работните постапки и во организацијата на трудот, а и во раководењето со претпријатијата. Развојот на производните сили по Втората светска војна како кибернетизација, биологизација и автоматизација, е продолжение на овој процес. Инаку, изразот „научно-технолошка револуција" се употребува од педесеттите години.

(1) Во материјалните услови на производството се јавуваат следниве промени:

а. Техниката ги освојува сите функции на човекот во производството: операторските, услужните, помошните, контролните и регулаторските.

б. Во производството, како производна сила, навлегува науката.

в. Промените ги зафаќаат и предметите на трудот што со векови останале непроменети, а на кои индустриската револуција им ги променила, евентуално, пропорциите.

г. Се јавуваат нови извори на енергија (нуклеарна, термо-нуклеарна итн.).

(2) Во организацијата на трудот, многу славената „рационализација" на работниот процес на т.н. фабрички деспотизам (Тејлор, Рован, Бедо) имала единствена цел — владеењето на капиталот да го направи поефикасно и порентабилно. На тоа му служат и најновите откритија во организацијата на трудот, чија цел е сега — „рамнодушноста" и „неодговорноста" на работништвото за работата, значи, негативните последици на отуѓениот труд да ги неутрализира со помош на психолошка заинтересираност на производителите преку т.н. збогатување на задачите. (job enviorment).

Модерните примери на „рационализацијата" и „демократизацијата" или „партиципацијата" на производителите се замена на физичката принуда на сопствениците и менаџерите, со идеологија на трудот.

Буржоаската научна организација на трудот подразбира ширење на одговорноста и делумно признавање на „компетенциите" на работниците и службениците во процесот на трудот. Принципот „слобода и доверба" спрема работниците (ослободување на иницијативата на работниците) е наметнат од ритамот на трудот чији граници се наоѓаат во законите на пазарот.

(3)Процесите на рационализацијата на раководењето со претпријатијата се засновани врз оделни научни анализи и научни дисциплини. Ваквите трендови ги условуваат истражувањата на конјукту-

рата, на односите на цените и производството, науката за стопанството на претпријатијата (економиката на претпријатијата), научното планирање, буџетирањето, деловната пропаганда и реклама. Со овие научни дисциплини во економската теорија настанала нова „индуктивна ера“ на егзактни истражувања, примена на статистика и други квантитативни методи. Носител на процесот на рационализацијата на стопанството е индустриската бирократија, меѓу чии настојувања се:

а. Колективизација на техничкиот и организациониот труд за раководење со модерните претпријатија.

б. Формирање и типизирање на индустриското производство.

в. Развој на претприемачки науки.

(4) Заради сето тоа, науката станува централна сила во општеството, практично „решавачки фактор“ на порастот на производните сили. За огромната примена на науката во производството, можат да послужат и податоците за истражувањата, примената на откритијата, бројот на истражувачите[2]. Јасно е дека во науката се појавува нејзиното двојно битие: нејзината независност, но и нејзината вклопеност во општествените односи.

Историската тенденција во капитализмот е општествениот напредок да го направи зависен од научниот потенцијал (науката како производна сила), што од своја страна доведува до развиток на човечките сили, способности, квалификација на трудот, па и хуманизација на производствениот процес. Оттаму, зголемувањето на органскиот состав на капиталот, како суштествена карактеристика на развитокот на капитализмот, покажува граници, затоа што промени се случуваат и во улогата на човекот во материјалното производство. Во автоматизираното производство се менува традиционалниот производен труд. Се појавуваат знаци на обновување на синтезата меѓу трудот и мислењето. Се јавуваат нови професии на работ на непосредното производство и тоа најмногу од поширок профил и со поголема научна содржина на трудот. Доаѓа до структурални промени меѓу вработените (во односот меѓу примарниот, секундарниот и терцијарниот сектор).

Научното усовршување на производството бара адекватно образование на работниците. Со напредокот индустриските истражувања, науката и технологијата се соединуваат во единствен систем.

Како што во производствениот процес, непосредната работа што е сведена на помали пропорции и на неопходно време и подредена на општото знаење, така и во самиот производствен процес и во целиот живот на општеството — информативните процеси добиваат сè поголемо значење во однос на енергетските процеси — производниот труд. Со ширењето на творечката дејност се смалуваат контрастите создадени со старата поделба на трудот меѓу физичките и духовните дејности. Со тоа се менува границата и содржината на производниот труд. Тој поим го опфаќа сега и трудот на инженерите, техничарите, конструкторите итн.

---

[2] Поопширно Ј. Кепеска, Современиот научно-технички развиток, Студентски збор, 1982, Скопје.

Експанзијата на знаењето предизвикува или е претпоставка за пошироко вклучување на населението во работите на планирањето на управувањето што дава можност за надминување на противречноста меѓу извршната и управната дејност, а во интерес на сестраниот развиток на човекот. За збогатување на демократските процеси и воопшто социјализацијата на луѓето (соработката според внатрешни потреби) помагаат информативните процеси (кибернетизацијата).

Од непомало значење за развојот на човекот како самоцел се системот на вредностите и културните контури на времето.

Благодарение на тоа, современите универзални промени на производните сили ја менуваат положбата на човекот во материјалното производство, но и во целото општество. Така, рутинската работа ја преземаат машините, а човековата дејност се преместува во областа на истражувањата, проектирањето, контролата и управувањето, што е основа за промена на сите животни услови на човекот.

### 3. ПРОИЗВОДНИТЕ СИЛИ И АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СЛОБОДНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ. НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКАТА РЕВОЛУЦИЈА И СОЦИЈАЛИЗМОТ

Производните сили во социјализмот се развиваат во нова комбинација на трудот што на нов начин ги разрешува односите човек — човек и човек — природа. Како претпоставка на комунизмот, социјализмот е етапа која треба на најдобар можен начин да го овозможи развојот на производните сили како универзален развој на индивидуата. Научно-технолошкиот прогрес (како промена на карактерот, содржината, начинот и организацијата на човечкиот труд) здобива соодветна форма на општествена организација.

Ако производните сили на секој даден (и историски преоден) начин на производство се развиваат во некои модалитети, како специфичности на дадениот начин на производство; секој начин на производство, всушност е определен начин на распределба на средствата за производство, сопственички однос, во што лежи вистинската моќ за располагање со средствата за производство, а што ја определува положбата на општествената група, класа, во целокупниот циклус на општественото производство, тогаш техниката и организацијата на производството, како и поделбата на трудот не се „неутрални“, „објективни“ потреби на производството на добра. Развојот на производните сили не е квантитативен — тој е развој на определен вид производни сили, потпрен врз определена структура на односите во производството. Оттаму во капитализмот, поради целите на оплодувањето на капиталот или целите на оние што го поседуваат системот на машини, со нив управуваат и вистински располагаат со науката и технологијата, значајна карактеристика на машинскиот систем е да го потчинува производителот, сведувајќи го на „фактор“ во производството.

Со право, токму затоа, се поставува прашањето за односот на социјализмот спрема научно-технолошката револуција при што, се претпоставува дека развитокот на производните сили не може сам посебе да води кон пресврт на односите на производството.

Прашањето е дотолку посложено, што развитокот на социјалистичките земји одел во насока на решавање на неостварените задачи од капиталистичкиот општествен развиток за воспоставување на научен производствен процес и поопштествување на производните сили преку т.н. закон за скратен општествен развиток. Тоа значи дека еволутивниот развиток на производните сили наедно е проследен со отворањето можности за нивна револуционерна промена.

Пред работничката класа, затоа, стои задачата не само да ја надмине својата експропријација, туку да се ослободи и од своето подредување во однос на техничко-организациониот механизам. Техниката (усвојувањето нови и усовршувањето на постојните процеси во производството, организацијата и управувањето со производството и образование на научен кадар) во социјализмот мораат да се надминат како средства за оплодување на капиталот, како што е потребно и да се надмине супсумирањето на живиот труд во однос на минатиот (стариот начин на економијата).

Создавањето на општественото богатство сега зависи и од општествената организација на трудот и начинот на живеењето (културата на живеењето) како и од новата технологија. Политичката власт и политичката организација се претпоставки за постигнувањето на овие цели. Актуелен ангажман, меѓутоа, е излезот како од нагрдениот облик на поопштествување на економскиот живот — како подржување, така и излезот од наемничкото битие на работничката класа. Инаку со државно управување може да се господари со производните сили само дотогаш, додека со огромна акумулација и концентрација на сите потенцијали се отвораат можности за развиток на повисоки форми на социјализам. Да се попречи осамостојувањето на општествените односи, наспроти работниците е неопходно надвладување на стоковото производство од страна на самоуправно здружениот труд како општествено насочување и коригирање на пазарните текови со што се смалуваат можностите за непожелното влијание на стихијните елементи во општествено-економскиот развиток и односите во производството. Теориско и практично прашање на тоа пресвртување на општествената репродукција е можноста за надминување на објективните законитости на вишокот на вредноста внатре во времето на нужното производство на вредностите.

Ова е општата рамка на современиот развиток на општеството (на државниот капитализам) од што произлегуваат и аспектите на развитокот на социјалистичките земји.

Во ваквите општествени рамки се определува профилот на производните сили и во социјализмот. Ако социјализмот ги надминува општествените противречности на капитализмот (а во услови на неразвиеност, проживувајќи технолошки фази во развојот на производните сили) тогаш се наметнува потребата од адекватна општествена организација која на научни основи ќе ги изрази сите конститутивни елементи на конкретниот момент во општествениот развој.

Социјализмот, плаќајќи го долгот спрема минатото мора да отвора можности за нова комбинација на трудот која остварува асоцијација на слободни производители. А асоцијацијата на слободните

производители се засновува на рационализација, (промет на материја на човекот со природата како научен процес).

Денес „општиот труд на човечкото битие“ (Маркс) по пат на рационална комбинација на општествените дејности треба да се издигне во главна производна сила, така што материјалните и технолошки сили нема да бидат цел за себе, туку цел за ослободување на трудот, што објективно овозможуваат.

*JOVANKA KEPESKA*

## THE CONTEMPORARY DEVELOPMENT OF THE PRODUCTIVE FORCES

SUMMARY

The beginning of the contemporary csientific and technological progress was a result of the historical development of the productive forces of the capital. Although Marx's analysis of the capital was made in the 19th century, it is very important for our understanding of the transformation of the productive forces of today as it anticipated their essence.

The characteristics of the contremporary productive forces are marked by the changes of the material conditions of production, the organization of labour within the process of production as well as by the complete economy and the esteblishment of science as a central force in society.

The productive forces in socialism develop a new combination of labour which in a new way resocles man (man and man) nature relationships. As a condition of communism, socialism i a stage which should, in the best way, make possible the development of the productive forces as a development of the individual.